Ѓ. КУШЕВСКИ

# РЕАГИРАЊЕТО ВО ДРУШТВОТО НА НАРОДИТЕ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА СИТУАЦИЈА ВО ВРСКА СО ПОСТАВУВАЊЕТО НА НЕКОИ НАЦИОНАЛНИ И МАЛЦИНСКИ ПРАШАЊА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1920 ДО 1922 ГОДИНА

Со версајското територијално разграничување не мал број припадници на одделни народи се најдоа во положба на малцинства. Последново беше согледано уште на Париската мировна конференција во 1919 година, на која — како што е познато — се изврши кодификација на заштитата на малцинствата со системот на договори што ги потпишаа т.н. „нови држави", како и оние што беа на страната на Централните сили. Со тие договори, за националните малцинства се предвидуваше слободно определување на нивната национална припадност, рамноправен третман од гледиштето на граѓанските права, слободна употреба на јазикот, постоење на училишта со настава на јазикот на односното малцинство, слобода на вероисповедта и сл.

Одредбите за заштита на малцинствата беа вклучени во самите мировни договори (со Австрија, Унгарија, Бугарија и Турција, со исклучок на Германија), додека некои држави потпишаа специјални додатни конвенции за заштита на малцинствата (Полска, Чехословачка, Албанија и др.). Со оглед, пак, на тоа што мировните договори беа ставени под гаранција на Друштвото на народите, оваа меѓународна организација, требаше да бдее и над извршувањето на клаузулите, односно договорите, за заштитата на малцинствата, односно и да интервенира доколку тие не ќе се применуваат, како и да го усовршува системот на миноритетната заштита.

Како највисок орган на Друштвото на народите, Асамблеата беше најкомпетентна да донесува резолуции и слични акти за малцинското прашање. Последниве претходно беа разгледувани во нејзината VI комисија, која, во текот на заседанието на Асамблеата, ги претресуваше политичките прашања меѓу кои и малцинските. Советот на Друштвото на народите, пак, го следеше извршувањето на договорите на миноритетната заштита, а и во духот на резолуциите на Асамблеата за ова прашање ги разгледуваше малцинските петиции и донесуваше одлуки, како и препораки, за односната држава што требаше да ги спроведува меѓународните одредби за заштитата на малцинствата. Тој ја одредуваше и процедурата на која требаше да биде подложена секоја пристигната петиција за малцинското прашање во Секретаријатот на Друштвото на народите. Бидејќи скоро сите петиции имаа прилично проѕирни политички тенденции, за решавањето на малцинските прашања, а посебно на претставките од ваква природа беа ангажирани највисоките и најспособни службеници во Секретаријатот на Друштвото

на народите, на чело со генералниот секретар на Друштвото на народите сер Џемс Ерик Драмонд, кој сè до Мадридската сесија на Советот во 1929 година, решавање за приемливоста на малцинските петиции.

Макар што системот на миноритетната заштита им беше наложен само на спомнатите и на некои други земји, и што тој не ги обврзуваше на соодветен начин сите членки на Друштвото на народите, та според тоа, не беше универзален, сепак, во интерес на вистината треба да се напомне дека и како таков, за одделни национални малцинства, означуваше извесна позитивност за нивниот национален развиток, нивниот третман како рамноправни граѓани со уживање на граѓанските и политичките права, за слободна употреба на јазикот и сл.

Со оглед на улогата што му беше доделена и како „покровител" на малцинствата — покрај својата основна задача на чувар на мирот и поредокот, во одредени средини и кај граѓанските политичари се одгледуваа надежи дека овој меѓународен орган ќе биде во состојба да ги решава и оние проблеми што останаа отворени по Версајскиот мир, а меѓу нив и проблемот на миноритетот, дури и нерешените национални прашања. Во оваа смисла, Друштвото на народите по стапувањето во сила на Пактот, претставуваше за нив примамлива меѓународна институција и, со седиштето во Женева, стануваше центар на политичката и дипломатската активност, а во тие рамки — и на прашањето за миноритетната заштита непосредно по Првата светска војна.

Интересно е да се одбележи дека уште во почетокот на своето функционирање Друштвото на народите беше тукуречи, преплавено од петиции, протести, ургенции и сл. за малцинскиот проблем, испраќани од одделни политички и емигрантски организации, друштва и личности. Зашто, во условите на изострените национални, класни и други социјални спротивности, во низа земји во Европа, а посебно во однос на положбата во која во овој поглед се најдоа токму националните малцинства, набргу се покажа на видело граѓанската ограниченост на овие клаузули, односно — дека владеечките кругови во односните држави не беа готови доследно да ги спроведуваат овие одредби за сите малцинства што живееја на нивната државна територија.

Имено, во овие услови излезе на видело фактичкото влошување на положбата на миноритетното население, зашто, покрај политиката на отворена денационализација и асимилација спрема некои малцинства, реално треба да се претпостави дека владеачките кругови и буржоазијата воопшто, „барајќи излез од кризата... тежината ја ставаа врз плеќите на трудбениците, а во прв ред врз

плеќите на трудбениците од угнетените национални малцинства".[1]) Се покажа дека безработицата била најмногу кај „инородниот" пролетаријат. Но најтипичен е примерот со разорувањето на селото, кое најмногу се одрази токму врз селаните — припадници на националните малцинства, така што, независно од побудите и класната припадност на нивниот извор, значаен дел од првите петиции, апели и протести што беа упатувани до Друштвото на народите во обележаниот период, се однесуваа главно до одземените имоти, или до нерамноправниот третман на миноритетните етнички групи при решавањето на аграрната криза (при доделувањето или пак за одземањето на земјата). Тие протести беа од посебен интензитет, а доаѓаа и оттаму каде што демографските промени станаа наеднаш и насилно, било како резултат од новото разграничување или иселување што е вршено и преку т.н. „размена на населението",[2]) или како резултат од колонизацијата што по војната беше систематски спроведувана од страна на владите со припадниците на мајоритетната нација, а на штета, пак, на миноритетното население. Исто така, многу петиции се однесуваа и до решавањето на т.н. прашање за емиграцијата, што е посебно карактеристично за јужниот дел на Балканот, при што молителите пред Друштвото на народите се искажуваа да им се овозможи враќање на нивните напуштени имоти.[3])

Меѓутоа, најголемиот број петиции се упатувани за културна и верска автономија, а исто така — што е и карактеристично — со кои отворено е барана политичка автономија, дури и примената на принципот за самоопределување, што — освен за одредени региони во Романија и Полска — е карактеристично за Македонија. На последново би сакале посебно да го свртиме вниманието, бидејќи миноритетните одредби за неа имаа несомнено очевидни специфичности

Имено, и покрај тоа што во текот на големата војна постоеја проекти за создавање автономна Македонија, претставниците на големите сили на Мировната конференција во Париз нив ги на-

---

[1]) *Александров, А. Б. (С. Новойянтъ)*, Положение национальних меншинств в послевоенноИ Европи, Москва 1933, стр. 169.

[2]) Тоа е карактеристично за Грција, Бугарија и Турција, каде што по разглраничувањето се одвиваше мошне брзо просесот на иселување на миноритетното население. Со посредство на некои од великите сили, такви аранжмани се заклучени помеѓу Бугарија и Грција и подоцна, помеѓу Грција и Турција. Во литературата за миноритетното прашање ваквиот „метод" на „решавање" на проблемот на малцинствата е окарактеризиран како нехуман и најсуров.

[3]) Во United Nations Library and Archives во Женева, постои обемна и комплетна документација за наведеното. Поради многубројноста на петициите, мемоарите, резолуциите, апелите и слични обраќања до Друштвото на народите во овој период, не сме во состојба сето тоа, да го одбележиме.

пуштија.[4]) Иако беа свесни за постоењето на македонското прашање, на оваа конференција великите сили неговото „решавање“ пак го сфатија како прашање за поделба на владеењата меѓу односните балкански држави во Македонија. Но, освен поделбата на територијата, според Версајскиот систем за Македонија беше предвидена и т.н. „заштита на специјален начин“.[5]) т.е. со договорите за заштитата на малцинствата. Меѓутоа, тие договори се составувани од гледиштето дека не постои македонски народ. Имено, според миноритетните одредби што се однесуваа до Македонија (вклучени во Сенжерменскиот, Севрскиот и Нејскиот договор), македонскиот народ беше всушност пак осуден на асимилација. Македонците требаше да се определуваат, т.е. да се објават или за „Срби“ или за „Бугари“, односно за „Грци-славофони“, и тоа во определени срокови. Тие требаше да решат за тоа дали ќе останат како поданици на државите во кои се затекнале или да оптираат кон „државјанство што им стои на располагање“.[6]) Исто така, според овие одредби, оние Македонци што емигрирале пред или во текот на војната ќе можат да се вратат во својот роден крај, но и во тој случај ќе мора да се определуваат во одреден срок кон една или кон друга, односно трета националност. Во таква положба беше ставен Македонецот, по 1919 година, доколку сакаше да се вклучи во општествениот, стопанскиот или културниот живот, односно да стапи во борба за егзистенција, овде во односните балкански земји. Во спротивно, Македонците требаше да се селат во други држави или континенти. И навистина, и миноритетните договори на специфичен начин придонесоа да се засили процесот на емигрирање на Македонците од својата земја, што беше почнал особено по балканските војни. За раселувањето и напуштањето на нивните имоти, посебно во Егејска Македонија, придонесе и спомнатата Конвенција за реципрочно, наводно „доброволно“ иселување на населението склучена помеѓу Грција и Бугарија, што претставуваше еден од најгрубите и нечовечки методи за „решавање“

---

[4]) United Nations Library and Archives, Geneva, Confidentiel Doc. № 41 (32343) 11974) 24. XI. 1923 (Според искажувањето на лордот Роберт Сесил, на седницата на Комитетот на тројцата на Советот на Друштвото на народите од 11. XII. 1923 г.)

[5]) Ова службено му го соопштил членот на делегацијата на Велика Британија А. Липер (Leaper) на Вошњак, членот на Делегацијата на Кр. СХС на Мировната конференција во Париз, по повод интервенцијата на последниов во врска со миноритетните одредби што биле предвидени со Сенжерменскиот мировен договор, а се однесувале до Вардарска Македонија. (Види: B. Krizman — B. Hrabak, Zapisnici sa sednica Delegacije Kraljevine SHS na Mirovnoj konferenciji u Parizu 1919—1920, Beograd 1960, стр. 168).

[6]) Архив Секретаријата иностраних послова, Београд, Поверљива архива Сталне Краљевске Делегације Кр. СХС при Друштву народа, Женева, Пакет за 1931 г., Фасц. „Документација-разне године — II" (во прилог: Уговор о Мањинама између Главних сила савезничких и удружених и Државе СХС, потписан у граду Сен Жермен an Le 10 септембра 1919).

на малцинското прашање, предвидена и практикувана по Првата светска војна, што ги зафати, покрај Македонците, и турското и бугарското малцинство во Грција.

Така, наспроти прокламираниот принцип за самоопределување и на народноста, творците на Версај всушност му ја влошија положбата на македонскиот народ со миноритетниот систем. Зашто, миноритетните договори што се однесуваа до Македонците се јавија како меѓународно-правни инструменти, со кои од една страна, веднаш во војната, беа инспирирани и подзасилени познатите аспирации према Македонија, а од друга — тоа своевидно придонесуваше за нови тортури во Македонија, со засилување процесот на асимилација и раселување на македонскиот народ, и тоа во услови на исклучителни военополитички режими. И самиот правен експерт на делегацијата на Кр. СХС на Париската конференција, д-р Слободан Јовановиќ го најавил ваквиот режим посебно во Вардарска Македонија. Реагирајќи (се разбира, од познатите позиции) на малцинските одредби од Сенжерменскиот мировен договор кои се однесуваа до Македонија, до последиците од тие одредби, ги искажа следниве зборови: „Наоѓам дека по овие одредби (за заштитата на малцинствата В.К.) . . . мошне тешко би се владеело и управувало во Македонија . . .“[7])

Тешката положба што го снајде македонскиот народ по Првата светска војна беше изнесувана на показ и во Друштвото на народите. Се чини дека од јануари 1920 година, кога влезе во сила Пактот, најголемиот број петиции што бидуваа упатувани до Секретаријатот на овој меѓународен форум, се однесуваа до Македонија, до македонското прашање. Но, независно од изворите на петициите за македонскиот проблем и нивните побуди и цели за нивното испраќање до Друштвото на народите, треба секако да се одбележи карактеристичното — дека со нив не е барана примена на малцинските одредби, туку автономија за Македонија или нејзино конституирање како конфедерација од типот на Швајцарската, под протекторатот на Друштвото на народите или на некоја незаинтересирана голема сила. Интересно е да се одбележи дека таквото поставување на македонското прашање, т.е. не како малцинско, туку за македонскиот народ да се примени принципот на самоопределување, се јавува не само во сертификатите од искрените поборници на македонската кауза,[8]) туку и кај оние што потекнуваа и од врховистичките врвови на македонската емигра-

---

[7]) Krizman B. — Hrabak B., цит. дело, стр. 180.

[8]) Како пример ги наведуваме: телеграмата од 14. XI. 1920 година што ја упатила до секретарот на Друштвото на народите, Драмонд, групата македонски студенти од Универзитетот во Женева (United Nations Library and Archives, Geneva, Doc. № 11/8352/8352/14.XI. 1920), потоа на д-р Трифун Грековски, тогаш член на Меѓународното биро за правата на народите и Секретар на Комисијата за Македонија (United Nations Library and Archives, Geneva, Doc. №11/13621/8352/28. VI. 1921 год.

ција во Бугарија.[9]) Тоа е затоа што непосредно по војната, на основа горчливото историско искуство, а под влијание на Октомври, постоеше силна расположба кај македонските маси и емиграцијата за автономна, независна Македонија, така што тоа дојде до израз и во претставките до Друштвото на народите.

Покрај ваквиот голем прилив на петиции од разни извори, треба да се спомне и покренувањето во Друштвото на народите на малцинското прашање и од страна на некои влади. Така, при потпишувањето на Декларацијата за заштита на малцинствата во Албанија, нејзиниот претставник на 2. X. 1921 година му го насочи вниманието на Советот на Друштвото на народите кон прашањето за заштита на албанското малцинство во Грција, кое грчките власти, под предлог дека е турско, се обидуваа да го иселат во Турција.[10]) За ова прашање се ангажираа и владите на Бугарија и Унгарија, што секако не беше случајно. Имено, во периодот на стопанската, социјалната, воопшто, на револуционерната криза што по Октомври и војната ги зафати земјите на Централна и Југоисточна Европа, во најтешка положба се наоѓаа победените земји. Покрај тоа што тие излегоа исцрпени од војната со разурнато стопанство, со појава на масовна безработица и глад за земја, со големи државни долгови, високи репарациони давачки, за нивната тешка и неповолна меѓународна положба влијаеја и несредените соседски односи кои во кој овој период се карактеризираа со заострување, особено помеѓу Кр. СХС, и Бугарија во врска со активноста на терористичката ВМРО на Тодор Александров, посебно во Вардарска Македонија.

А од државите на Балканот, секако, во исклучително тешка положба се наоѓаше Бугарија, за која — покрај големите репарациони обврски — особен финансиски товар и социјален проблем претставуваа и големиот број емигранти. Очевидно е дека со овие проблеми таа не можеше да се справи сама. Затоа владата на земјо-

---

[9]) Кон крајот на 1920 година е примена и првата петиција на Исп'лнителниот комитет на македонските братства во Бугарија од 22. XII. 1920 год. (United Nations and Archives, Geneva, Doc. № 11/9928/8352/29. XII. 1920); или на Академското друштво на македонските студенти на Универзитетот во Софи а, кое кон кра от на истата година упатило своја петиција до Претседателот на II, Асамблеја (United Nations Library and Arhives, Geneva, Doc. № 11/9750/8352/21. XII. 1920); на 29. III. 1921 година, упатена е нова петиција на Исп'лнителниот комитет од Софија до Друштвото на народите (Државен архив на СР Македонија, Микрофилмирани материјали од Женева, Кутија 148, снимка 366—367); или на 10. XI. 1921 Одделението на административните комисии и за малцинствата на Секретаријатот на Друштвото на народите, примило копие од Резолуцијата — усвоена од III конгрес на Сојузот на македонските братства во Бугарија, одржан од 2—5. XI. 1921 година (United Nations Library and Archives, Geneva, Doc. № 41/17257/11974/10. XI. 1921) и др.

[10]) League of Nations, Council 1922, Minutes, XIX, —8 (PII): p. 1006— Doc. C. 443 (1). M. 293. 1922. I-(Види: Report presented to the Council by M. da Gama, on July. 20th, 1922).

5*

делците се обидуваше излез од кризата да побара и надвор, пред меѓународните форуми. Оттука, меѓу другото, произлегува интересот и желбата на владата на Стамболиски да води активна надворешна политика, посебно откако Бугарија беше примена во Друштвото на народите. Освен реченото, според нас, таа сакала да излезе и од состојбата на изолираност од меѓународните односи, посебно на Балканот, да ги „објасни" и оправда затегнатите односи со своите соседи, а и да постигне нешто повеќе на политички план. За таа цел, во Софија падна одлука бугарската дипломатија да се ползува и со малцинските одредби, со барање тие да се применат за бугарското малцинство што живее во Романија, и, наводно, во Кр. СХС и Грција, вклучувајќи ги овде и Македонците. Патот за поставување на ова прашање водеше преку Ѓеновската конференција. Содржината на малцинскиот меморандум на бугарската влада, во чиешто име нејзиниот претседател и шеф на бугарската делегација Александар Стамболиски го поднесе на 1 мај 1922 година до претседателот на Конференцијата да Факта,[11]) заслужува посебно внимание. Во својот меморандум, бугарската влада побарала примена на миноритетните одредби за „бугарското малцинство", имајќи ги при тоа предвид главно Македонците од Вардарска и Егејска Македонија. Последново бараше беше секако основно и јасно ја одредуваше политичката заднина на оваа дипломатска акција на бугарската влада. Доколку барањево не се реализира од страна на соседните влади, таа даде јасно на знаење дека ќе има: чети, вооружени акции, немири на границите, атентати и сл., т.е. дека нема да има мир во овој дел на Балканот.

На ист начин постапи и унгарската влада, доставувајќи до Конференцијата во Генова свој малцински документ со кој исто така го поставуваше прашањето за заштита на унгарското малцинство во оние држави каде што тоа живее.

Повиканите држави на оваа конференција на 16 мај 1922 година решија овие акти „да ги достават без коментар до Друштвото на народите."[12])

Се разбира, овие чекори на бугарската и унгарската влада предизвикаа соодветна реакција кај владите на Кр. СХС, Грција и Романија, кои посебно према владата на Бугарија го спротиставиа своето дипломатско оружје, обвинувајќи ја со својата колективна нота, упатена до Софија на 14 јуни 1922 година, за тероризам, барајќи да ги ликвидира четите и другите емигрантски организации.[13]) Во одговор на овој заеднички дипломатски акт на соседните влади, владата на Стамболиски — покрај прашањето на

---

[11]) United Nations Library and Arhives, Geneva, Doc.№ 41/21028/ 21028/24.V.1922,

[12]) United Nations Library and Arhives, Geneva, Doc.№ 41/21028/21028/12.VI. 1922.

[13]) League of Nations, Official journal, Geneva, 3th year, № 8 (Part I), August 1922, p. 764.

миноритетот — го изнесе спорот околу четите пред Советот на Друштвото на народите,[14]) со што овој нов нејзин чекор бил пресметнат несомнено на предизвикување анкета, т.е. интервенција на Советот во средување на немирната ситуација на Балканот, а исто така и по миноритетното прашање.

Во секретаријатот на Друштвото на народите оценија дека во малцинските акти на бугарската и унгарската влада „излагањето е мошне општо и не ја поставува во одбрана ниедна држава посебно."[15]) Затоа ова прашање беше вклучено во дневниот ред на XIX сесија на Советот на Друштвото на народите не како малцинско, туку како едно „соопштение од Конференцијата во Генова."[16]) На тој начин беше избегнато ова прашање — кое беше всушност длабоко политичко — за да не биде како такво поставено и разгледувано на наредната сесија на Советот.

И навистина, заинтересиран за (status quo-то), во ова подрачје во Европа, Советот на Друштвото на народите на својата XIX сесија во Лондон, повеќе внимание му обрна на мирот на границите, упатувајќи ги односните балкански држави на преговори. Во однос, пак, на малцинското прашање што беше покренато, ги упати бугарската и унгарската влада на редовна процедура по миноритетот од која воопшто не се остапувало. Затоа Советот одби да дискутира за ова прашање, бидејќи последново не било правилно поставено согласно установената процедура, туку направо до Советот.[17]) На тој начин Советот на Друштвото на народите ја одбегнал политичката страна на малцинското прашање кое сакале во ваква форма да му го наметнат обете овие влади, меѓу кои најчувствително било и прашањето за Македонија, засегнато на ваков начин од бугарската влада.

Но, наоѓајќи се сега во уште понеудобна положба — принудена од Советот на Друштвото на народите осамена да преговара со владите на Кр. СХС, Романија и Грција, за регулирање на пограничните прашања, секако и за да го ослаби дипломатскиот притисок на овие здружени соседни влади,[18]) владата на земјоделците на чело со Стамболиски, во дадената политичка ситуација, реши повтоарно да се послужи со ова свое и политичко и дипломатско оружје, барајќи сега малцинското прашање да се вклучи во дневниот ред на III Асамблеја.[19]) Со своите три ноти, упатени

---

[14]) Ibidem.

[15]) United Nations Library and Archives, Geneva, Doc. № 41/21028/24. V. 1922 (Види „Minutes" од 9. VI. 1922).

[16]) Ibidem.

[17]) Société des Nations, Journal officiel, IIIe Année, № 8 (Deuxieme partie), Août 1922, p. 1006.

[18]) Од 17 јуни до 28 септември 1922 год. се изменети 9 ноти на релација: владата на Бугарија, Кр. СХС, Грција, Романија и органите на Друштвото на народите за влегување на терористички чети во пограничните реони.

[19]) United Nations Library and Arhives, Geneva, Doc. № 41/22320/21028/4. VIII. 1922 (Види и „Confidentiel Minutes" на Colban до Capitain Wal, ters od 8. VIII. 1922).

до Друштвото на народите, а кои се однесуваа одделно за секоја од спомнатите соседни држави, таа ги повтори барањата за извршување на миноритетните клаузули од страна на владите на овие држави, при што пак се пледирало главно на населението од Вардарска и Егејска Македонија, припишувајќи му ја познатата етикета како на „бугарско малцинство". Меѓутоа, погрешно толкувајќи го чл. 11 од Повелбата на Друштвото на народите на кој се повика, владата на Стамболиски мораше да се откаже во последен час од оваа своја намера,[20]) така што во случајов, таа претрпе фијаско на дипломатски план.

За поддржување на оваа дипломатска акција на бугарската влада, на даден миг на Софија беа вклучени и врховистичките врвови на македонската емиграција, така што се настојуваше по тој повод да се испраќаат петиции до Друштвото на народите, наводно затоа што оваа влада „го постави" македонското прашање пред „меѓународниот Ареопаг". И навистина, забележан е нов бран од многубројни петиции за македонското прашање што пристигнаа во Друштвото на народите пред XIX сесија на Советот и пред заседанието на III Асамблеја. За разлика од софиските, кои им подвладуваа на целите на бугарската влада во нејзината дипломатска акција и застанаа во нејзина одбрана околу пограничните судрувања и сл.[21]), во масовните одѕиви, т.е. многубројните петиции на на друштвата на македонските емигранти од Северна Америка, упатени до Друштвото на народите — како доминантни барања пак се појавуваат: слобода на Македонија, независност, право на самоопределување за македонскиот народ, република и сл.[22]) Тоа е несомнено израз и повторна потврда на вистинските желби за слободата на својата земја, за враќање на своите огништа на прекуокеанската емиграција од Македонија. Ова говори за расчекорот, од една страна, помеѓу оние што го експлоатирале македонското прашање во Бугарија, наспроти сосем дијаметралните цели на бу-

---

[20]) United Nations Library and Arhives, Geneva, Doc.№ 41/22620/21028/17.VIII1922 (Види: „Minutes" на E. Colban до Генералниот секретар на Друштвото на народите E. Drummond од 17. VIII. 1922 и писмото на Миков-бугарскиот претставник во Друштвото на народите од 18. VIII. 1922; и Doc.№ 41/23097/11974 од 2. IX. 1922.).

[21]) Таква е петицијата на македонското студенстко друштво „Вардар" при Софискиот универзитет (United Nations Library and Archives Geneva, Doc. № 41/22055×/11974 од 26. VIII. 1922) и на Исплнителниот комитет на македонските братства во Бугарија (United Nations Library and Archives, Geneva, Doc. № 41/22025×/11974/1. IX. 1922) и др.

[22]) Според еден регистар за петиции во Архивот на Друштвото на народите под наслов „Досие што содржи различни барања за независност на Македонија" во 1922 година, има околу девет серии петиции испратени од разни организации на македонската емиграција, раководени од Central Committee of the Macedonian Political Organisat.ons of the U. S. A. and Canada. (United Nations Library and Archives, Geneva, 1922, Section Political Registry 11/18469×/8352). Исто така други многубројни петиции биле испраќани пак од Северна Америка (Види под: „Registry Doc. № 41/22025×/11947/1922).

гарската влада пред спомнатите органи на Друштвото на народите за свои тесни државни интереси и од друга страна, на македонските емигрантски маси, кои всушност биле заблудувани дека сега во Друштвото на народите наводно ќе била разгледувана „судбината на Македонија“, македонското прашање и сл.

Од архивските материјали се гледа дека во Секретаријатот на Друштвото на народите, функционерите од Одделението на административните комисии и за малцинствата, биле мошне изненадени од таквиот голем наплив на петиции, а особено од балканското подрачје. Тие се наоѓале пред посебен проблем, бидејќи во значителен дел од петициите биле изнесувани политички барања. Тие просто се вчудовиделе, зашто, наспроти упатствата од нивна страна до изворите на петиции да се придржуваат кон клаузулите од односните договори, и натаму продолжувало испраќањето петии со политичка содржина.

Ваквиот непрекинат притисок што беше вршен околу миноритетниот проблем во Друштвото на народите во текот скоро на три години, со оглед на опасноста малцинскиот проблем да се претвори во исклучително политички, особено со петициите со кои беше барана автономија, независност и сл., потоа — опирањето на малцинските договори и за покревање малцински прашања пред Советот дури и пред Асамблејата од одделни влади пак за постигање одредени политички цели, — влијаеше до голем степен одговорните политички фактори во Друштвото на народите да ги согледаат непожелните политички реперкусии од една ваква акција и практика доколку биде оставена и натаму да продолжува. Тие мораа да преземаат одредени противмерки овој меѓународен форум да донесе ставови и препораки во однос на ова чувствително прашање, за спречавање на ваквите тенденции кои секако не им оделе во прилог и на политиката и на интересите на великите сили — победнички: Велика Британија и Франција.

Затоа, по претходни консултации и подготовки[23]), III Асамблеја на Друштвото на народите, приличен дел од својата работа му посвети на малцинското прашање и донесе за него пет резолуции.

Така, со првата резолуција основната препорака, која истовремено звучи и како апел, е „да се одржуваат добри односи помеѓу одделни влади потписнички на малцинските договори и лицата припадници на малцинство по раса, јазик или религија кои се наоѓаат под нивниот суверенитет.“[24]) Втората и третата резолуција

---

[23]) United Nations Library and Arhives, Geneva, Doc. № 41/22025/11974/19.VII. 1922 (Види „Minutes” од 14. IX. 1922 на H. Rosting и „Minutes” од 15. IX. 1922 на E Colban). Од ова кореспондирање се гледа дека по предлог на Colban, а и во консултирање на генералниот секретар Друмонд, се одлагани одговори на петициите во очекување на резолуциите од III Асамблеја.

[24]) Colban Enrico, La Societa delle Nazioni ed il problema delle Minoranze, Roma (1925?), p. 179—180.

се инспирирани со истиот дух како и првата. Така, со втората, Асамблејата им препорачува на членовите на Советот на Друштвото на народите да прибегнуваат до арбитражата на Постојаниот меѓународен суд во Хаг, откако ќе се установи „дека се употребени сите форми за посредување што се предвидени со Пактот". Со тоа Асамблејата препорачува да се избегнува колку е можно акција што може да добие политички карактер, навредлив за заинтересираната влада, а преку барање и исцрпување на сите можни форми за посредување. Со третата резолуција, пак, Асамблејата, признавајќи им го исцело основното право на малцинствата да бидат заштитувани од Друштвото на народите, потсетува на должноста на оние личности што му припаѓаат на расно, јазично и верско малцинство, „да соработуваат како лојални граѓани со нацијата на која сега тие ѝ припаѓаат."[25]) Со четвртата резолуција се апелира до државите што не се потписнички на малцинските договори, третирањето на своите малцинства да го сообразат со постојните малцински договори, со што, всушност, се сакало да се ослаби често повторуваната, и со оправданост, критика и опозиција на државите-потписнички на овие договори, спрема фактички неоправданото ослободување од тие обврски на другите држави, во прв ред западноевропските. Петтата резолуција е исто така интересна. Според неа, Генералниот секретаријат на Друштвото на народите се задолжува да ги собира за употреба за Советот на Друштвото на народите информациите за начинот на кој се извршуваат малцинските договори, **но не само во однос на повредите на овие договори, туку исто така и за држењето на малцинствата према нивните држави."[26])** (Подвлекол В. К).

Разгледувајќи ги од политички аспекти причините за донесувањето на овие резолуции што ги изгласала III Асамблеја на Друштвото на народите, треба да констатираме дека ова уследи, покрај погоре истакнатите причини, и врз основа на сестрана и длабока анализа на полтичката внатрешна и надворешна положба на државите, пред сè од Средна и Југоисточна Европа,а главно на т.н. нови држави-сојузнички, кои во условите на повоената стопанска и социјална криза, на подемот на работничкото движење и, воопшто, на притисокот на широките маси за демократски права и национална рамноправност, — не можеа да ја консолидираат својата власт и, воопшто, да ги средат своите внатрешни прилики. А дека не беше мал политичкиот притисок во врска со малцинското прашање, посебно врз „новите држави", што примаше сè повеќе политички карактер, може лесно да се заклучи и од дискусиите што беа водени за ова прашање во VI Комисија на Асамблејата, во која се дискутираше предимно за политичките прашања, а меѓу

---

[25]) Ibidem.

[26]) Ibidem, p. 181.

кои и за малцинското. На пример, од дискусијата во Комисијата за нацрт на овие резолуции што требаше да ги донесе III Асамблеја, претставниците на Франција и Велика Британија нагласуваа дека миноритетните прашања „се главни прашања од внатрешната политика“ и говорат дека „стабилноста и просперитетот“ на тие земји зависи од политиката према малцинствата.[27]) А пратеникот на Кр. СХС во Берн и претставник на владата на Кралството во Друштвото на народите М. Јовановиќ, искажувајќи го ставот на својата влада према нацрт-резолуциите, ја откри и внатрешната криза во земјата. (Кр. СХС В.К.) со зборовите дека „времето требало да му овозможи на Кр. СХС **да се консолидира**“ (подвлекол В.К.). Потаму, во својата опсервација за ова прашање, тој се искажа против „окуражувањето“ на малцинствата, за да не дојдат во „привилегирана позиција,“[28]) и сл. Значи, ако кон ова се додаде и негативното политичко влијание на малцинското прашање што се закануваше уште повеќе да ја влошува политичката положба на режимите на тие држави, тогаш е јасно дека со донесувањето на овие резолуции за малцинското прашање од страна на III Асамблеја, се сакаше главно да им се подобри стабилноста на режимите на тие држави и, воопшто, да им се зајакне и меѓународната положба. Значи, малцинскиот проблем не требаше да претставува пречка за нив во тој однос.

Впрочем, тоа го потврдува и признава и самиот висок функционер во Секретаријатот на Друштвото на народите Енрико Колбан, кога го образложува донесувањето на овие резолуции од страна на III Асамблеја, во својата брошура „La Società della Nazioni ed il problema delle Minoranze, Roma (1925), напишана по повод овие резолуции што ги донесе III Асамблеја, — кога вели дека „... сите држави сакаат да се ослободат од последиците на големата војна ... Нивните територии се понекогаш сè уште театар на помалу или повеќе сериозни недоразбирања, нивната економска и финансиска положба е сè уште бедна; нивните односи со соседите, од кои многуте се често бивши непријатели, сè уште не се регулирани. Овие држави имаат потреба од една ефикасна и благонаклона соработка со Друштвото на народите за **да се олесни преминувањето од периодот на конфузија код еден тих и миролубив таков ...**“[69]) (подвлекол В.К.).

Потаму, за нас се интересни и коментарите на Колбан што се однесуваат до првата резолуција. Токму тие ни даваат можност да заклучиме дека една од причините за донесувањето на овие резолуции бил и притисокот што постоел во врска со малцинскиот

---

[27]) League of Nations, Minutes of the Sixth Committee (Political questions), Geneva, 1922, p. 17.

[28]) Ibidem, p. 23.

[29]) **Colban Enrico, цит. дело, p. 173—174.**

проблем во овој период врз органите на Друштвото на народите, при што се мисли во прв ред на петициите со кои е барана автономија или независност од кои — како што спомнавме погоре — најмногу беа испраќани за Македонија. Така, тој укажува оти „меѓународен орган“ (се мисли на Друштвото на народите — В.К.) има свои овластувања што се дефинирани и ограничени со самите малцински договори. Имено тој е недвосмислен кога наведува дека „. . . меѓународна интервенција во полза на едно малцинство не ќе биде оправдана ако станува збор за претензии или барања што излегуваат од рамките на основните одредби на договорите“ и потаму: „. . . Мнозина од лицата што им припаѓаат на разни малцинства или го бранат нивниот интерес, ги сметаат обврските, што им се ставени на владите со договорните клаузули, како недоволни и **бараат пошироки права, дури . . . и потесна или поширока автономија одејќи, во извесни случаи, сè до целосна независност.**“ Во продолжение на своето излагање, Колбан додава дека „**борбата за автономија . . . или за независност сосем излегува од рамките на малцинските договори и, поради тоа, од рамките на обврските од меѓународен интерес на односната влада**“[30]) (подвлекол В.К.).

Истовремено, Колбан дава одговор зошто таквите петиции досега биле одбивани и прогласувани за неприемливи и дека сличните обраќања и по усвојувањето на резолуциите по малцинското прашање од III Асамблеја, ќе бидат отфрлани, без какви било коментари. Ова оградување од т.н. „политички петиции“ Колбан го потенцира и со тврдењето дека одредбите на малцинските договори содржат обврски од меѓународен интерес само дотолку доколку им се наменети на личнсти и припадници на малцинство „по раса, религија или јазик“, додека „**политичките и социјалните малцинства остануваат надвор од системот на договорите**“. Според него, со малцинските договори „и не се сонувало“ да се интервенира во односите помеѓу различните „**социјални класи во една иста држава, ниту пак во борбите помеѓу различните политички групи**“[31]) (подвлекол В.К.).

Заклучувајќи го нашево излагање, би сакале да подвлечеме дека горниве наводи на Колбан јасно укажуваат оти и во Друштвото на народите, преку малцинскиот проблем, на своевиден начин се рефлектирале и биле присутни борбите на масите за политички, социјални, а пред сè за национални права во низа земји во Европа. Донесувањето, пак, на миноритетните резолуции од страна на III Асамблеја, значело негативно реагирање на таквиот притисок што доаѓал преку петиции и со кои се барало да се интервенира од страна на овој меѓународен орган. Имено, со овие резолуции е јасно укажано дека во Друштвото на народите биле

---

[30]) Ibidem.
[31]) Ibid.

далеку од помислата дека малцинските договори значеле и постоење на можности за негова интервенција врз основа на малцинските договори или петиции за давање автономија, дури и независност за одделни народности или малцинства. Всушност, со овие резолуции Друштвото на народите се стремело да ги зајакне позициите на новите држави од Централна и Југоисточна Европа, чиишто режими во условите на повоената револуционерна ситуација не биле стабилни, во што придонесувало и миноритетното прашање. Така, на пример, во врска со донесувањето на првата резолуција, III Асамблеја дава препораки до Советот и Секретаријатот на Друштвото на народите „да соработуваат со заинтересирани влади, **да им помагаат во делото на внатрешната консолидација и пацификација,**“ а од своја страна „владите што имаат усвоено меѓународни обврски во поглед на заштитата на малцинствата ... **имаат право и во оваа смисла да бараат и помош од Друштвото на народите и од неговите административни служби, во прв ред од Генералниот секретаријат ...**“[32]) (подвлекол В.К.).

Со еден збор, Друштвото на народите застанува безрезервно на страната на тукушто установениот версајски систем, претставувајќи се овојпат на секторот на миноритетот, видливо како негов чувар, да ги штити не само границите на државите, туку и поредокот и режимите во нив, особено заинтересирано за последново во условите на револуционерната ситуација.

Затоа, ние наоѓаме дека не е случајно што времето за зајакнување на позициите на овие држави, и по линијата на миноритетниот проблем, се совпаѓа и со настапувањето на нивните буржоаски режими против прогресивните сили, посебно против нараснатото работничко и комунистичко движење.

Значи, уште во првите години од неговото постоење, се потврди како точна познатата оцена на В. И. Ленин за улогата на Друштвото на народите и на примерот на неговата миноритетна политика спрема обесправените народи и национални малцинства, кога тоа привремено, на овој начин ги „смири“ духовите и првите налети околу малцинското прашање во периодот на револуционерните вриежи во земјите на Европа.

---

[32]) Ibid.